**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје („Друштвото“) и добиениот Предлог од Каменимост Комуникации АД Скопје за реизбор и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото (арх. бр. 107080/1 од 15.2.2024 година), Собранието на Друштвото на својата седница одржана на ден 4.4.2024 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука

## за реизбор, отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото

**Член 1**

Собранието на Друштвото го реизбира:

- г-дин Лубор Жатко, државјанин на Република Словачка, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 15 април 2024 година.

**Член 2**

Собранието на Друштвото го отповикува:

- г-дин Мартин Ренер, државјанин на Република Германија, од позицијата Независен Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, почнувајќи од 15 април 2024 година.

**Член 3**

Собранието на Друштвото го избира:

- г-дин Младен Митиќ, државјанин на Република Србија, за Независен Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 15 април 2024 година.

**Член 4**

Мандатот на реизбраниот член и на избраниот член на Одборот на директори на Друштвото изнесува 4 години, согласно Статутот на Друштвото.

**Член 5**

Собранието на Друштвото го овластува Главниот извршен директор на Друштвото да ги преземе сите потребни дејствија за упис на бришењето на г-дин Мартин Ренер како член на Одборот на директори и на ре-изборот и изборот на членовите на Одборот на директори во Трговскиот регистар којшто се води од страна Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**